Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell

Одделение за статистика, евалуации и анализи
Сектор за информатички технологии

Departamenti për statistikë, vlerësime dhe analiza
Sektori për teknologji informatike

Архивски број: 03-286/1

# АНАЛИЗА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ НА УСЛУГИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ

Скопје, јуни 2025 година


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ... 4
2. КОРИСТЕН МЕТОД ... 4
3. КОРИСНИЦИ НА УСЛУГИТЕ ... 4
4. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ИСПИТАНИЦИТЕ ... 5
4.1. Работна позиција ... 5
4.2. Пол ... 6
4.3. Должина на користење на услугите на Академијата ... 7
5. ОПШТИ ПРАШАЊА ЗА АКАДЕМИЈАТА ... 8
5.1. Како би ја оцениле генерално Академијата ... 8
5.2. Колку сте задоволни од комуникацијата со Академијата ... 9
5.3. Како ја оценувате достапноста на Академијата за консултации или дополнителна поддршка надвор од обуките ... 10
5.4. Како ја оценувате транспарентноста на Академијата за било кое прашање 11
5.5. Колку сте задоволни од условите на салите за обуки ... 12
5.6. Колку сте задоволни од односот на вработените во стручната служба ... 13
6. РЕЗИМЕ ЗА ТОЧКА 5 ... 14
7. ПРАШАЊА ЗА ВЕБ СТРАНИЦАТА ... 14
7.1. Дали веб страницата е добро организирана ... 15
7.2. Колку сте задоволни од информациите објавени на веб страницата ... 16
7.3. Дали сметате дека Академијата навремено објавува информации ... 17
8. РЕЗИМЕ ЗА ТОЧКА 7 ... 18
9. ПРАШАЊА ЗА ОБУКИТЕ ... 18
9.1. Колку сте задоволни од Каталогот на обуки во целина ... 19
9.2. Колку обуките опфатени во Каталогот се соодветно прилагодени на потребите на судиите, обвинителите и стручната служба ... 20


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

9.3. Колку обуките Ви помагаат да се справите со практичните предизвици и професионалните барања во Вашата работа ........ 21
9.4. Колку сте задоволни од квалитетот на обуките организирани од Академијата ........ 22
9.5. Колку сте задоволни од организацијата на обуките (логистика, распоред, пристапност, времетраење и тн) ........ 23
9.6. Како би го оцениле квалитетот на предавачите вклучени во обуките на Академијата ........ 24
9.7. Како го оценувате начинот (преку e-mail комуникација) на кој Академијата известува за сите измени (нови обуки, одложувања, откажувања и тн) ........ 25
10. РЕЗИМЕ ЗА ТОЧКА 9 ........ 26
11. ЗАКЛУЧОК ........ 26


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

## 1. ВОВЕД

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев (во понатамошниот текст: Академијата) во текот на месец мај 2025 година спроведе анкета за мерење на задоволството на корисниците од понудените услуги. Анкетата претставува уште една алатка за добивање информации кои може да дадат увид во перцепцијата на целните групи за досегашниот начин на работа на Академијата. Целта на спроведување на анкетата е добивање информации за задоволството на целните групи од понудените услуги, со што би се утврдиле можностите за креирање програми, настани и активности кои ќе одговараат на нивните потреби.

## 2. КОРИСТЕН МЕТОД

Анкетата се спроведе со анкетен лист, доставен преку линк на електронските адреси на корисниците. Неговото одговарање беше анонимно.
Анкетата имаше вовед во кој беше објаснета целта за која се спроведува.
Прашањата беа групирани во 4 групи, сите од затворен тип. Во првата група беа прашања со општи податоци за оној кој одговара на прашањата, кои ќе ни дадат можност за увид во работната позиција, полот и должината на користење на нашите услуги. Втората група ја сочинуваа прашања кои се однесуваа општо за Академијата, третата група прашања беа за веб страницата, а четвртата група прашања беа за обуките.
Мерната скала понуди распон на одговори од 1 до 5, каде 1 е најниска оцена (многу незадоволен), а 5 е највисока оцена (многу задоволен).
На крај на анкетата има 2 прашања од отворен тип, на кои корисниците можеа да дадат предлози, идеи, коментари.
Одговорите на прашањата од затворен тип се обработени во excel документ.
Одговорите на прашањата од отворен тип се сумирани во word документ.

## 3. КОРИСНИЦИ НА УСЛУГИТЕ

Целната група на која и беше доставена анкетата ја сочинуваат судиите, јавните обвинители и вработените лица во судовите и јавните обвинителства. Анкетата беше доставена до околу 2245 лица. Од нив 410 се судии, 195 јавни обвинители, околу 1500


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

вработени во судовите и околу 140 вработени во јавните обвинителства (Академијата нема точен податокот за бројот на вработени лица во судовите и обвинителствата). Анкетата ја одговорија 235 лица, односно околу 10,47% од испитаниците.

## 4. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ИСПИТАНИЦИТЕ

Првите 3 прашања од анкетата ни даваа општи податоци за испитаниците: работна позиција, пол и должина на користење на услугите на Академијата.

### 4.1. Работна позиција




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Судии | 48 | 20,4% |
| Јавни обвинители | 32 | 13,6% |
| Судски службеници | 135 | 57,4% |
| Јавно обвинителски службеници | 20 | 8,5% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговорени прашалници најголем процент одговориле судските службеници - 57,4%,


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

потоа судиите со 20,4%, јавните обвинители 13,6% и на крај јавно обвинителските службеници – 8,5%.

Добиените податоци во рамките за секоја категорија одделно покажуваат дека од вкупниот број судии анкетата ја одговориле 11,7%, од вкупниот број јавни обвинители одговориле 16,4%, од вкупниот број судски службеници одговориле 9% и од вкупниот број јавно обвинителски службеници одговориле 14,3%.

- Анализата на добиените податоци покажува дека од целната група на која и беше доставен анкетниот прашалник најголем процент одговори се од судските службеници (57,4%), следуваат судиите (20,4%), јавните обвинители (13,6%), па јавно обвинителските службеници (8,5%).
- Анализата по категорија покажува дека најголем процент одговориле јавните обвинители (16,4%), следуваат јавно обвинителските службеници (14,3%), судиите (11,7%), па судските службеници (9%).

## 4.2. Пол





Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Машки | 69 | 29,4% |
| Женски | 166 | 70,6% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од добиените 235 анкетни прашалници поголем процент ги одговориле жени – 70,6%, додека мажи одговориле 29,4%.

- Академијата не располага со податок за родовата застапеност на сите вработени на кои им беше доставена анкетата. Оттука невозможно е да направиме анализа која процентуално, по категорија ќе ни покаже кој пол дал повеќе одговори.

## 4.3. Должина на користење на услугите на Академијата




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Помалку од 5 години | 51 | 21,7% |
| Помеѓу 5 и 10 години | 50 | 21,3% |
| Над 10 години | 134 | 57% |


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека 134 испитаници (57%) кои одговориле повеќе од 10 години ги користат услугите на Академијата, потоа оние кои помалку од 5 години ги користат услугите, нив ги одговориле 51 испитаник (21,7%), а на крај се испитаниците кои се корисници на услугите помеѓу 5 и 10 години, тоа се 50 одговори (21,3%).

- Анализата на податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажува дека најголем број од прашалниците ги одговориле испитаници кои повеќе од 10 години ги користат услугите на Академијата, потоа оние кои помалку од 5 години ги користат услугите, а на крај се испитаниците кои се корисници на услугите помеѓу 5 и 10 години.

## 5. ОПШТИ ПРАШАЊА ЗА АКАДЕМИЈАТА

Прашањата во овој дел имаа цел да ни дадат увид во перцепцијата на испитаниците општо за работата на Академијата – нејзината достапност, транспарентност, начинот на комуникација, просторните услови, односот на вработените.

### 5.1. <u>Како би ја оцениле генерално Академијата</u>



**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 12 | 5,1% |
| Оцена 2 | 16 | 6,8% |
| Оцена 3 | 42 | 17,9% |
| Оцена 4 | 74 | 31,5% |
| Оцена 5 | 91 | 38,7% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем дел од испитаниците, вкупно 91 (38,7%) дале највисока оцена (5) за Академијата, следуваат 74 испитаници кои дале оцена 4 (31,5%), па 42 дале оцена 3 (17,9%), 16 испитаници дале оцена 2 (6,8%) и најниска оцена, односно 1 дале 12 испитаници (5,1%).

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата дале највисока оцена за генералниот впечаток за Академијата.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 3,92.

5.2. Колку сте задоволни од комуникацијата со Академијата

2. Колку сте задоволни од комуникацијата со Академијата?
235 responses





Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 12 | 5,1% |
| Оцена 2 | 12 | 5,1% |
| Оцена 3 | 29 | 12,3% |
| Оцена 4 | 54 | 23% |
| Оцена 5 | 128 | 54,5% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (54,5%), односно 128 испитаници дале највисока оцена (5) за комуникацијата со Академијата, 54 испитаници дале оцена 4 (23%), 29 дале оцена 3 (12,3%), додека оцена 2 и 1 дале по 12 испитаници (5,1%).

- Анализата на податоците покажува дека комуникацијата со Академијата најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата ја оцениле со највисока оцена.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 4,17.

### 5.3. Како ја оценувате достапноста на Академијата за консултации или дополнителна поддршка надвор од обуките

3. Како ја оценувате достапноста на Академијата за консултации или дополнителна поддршка надвор од обуките?
235 responses





Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 12 | 5,1% |
| Оцена 2 | 19 | 8,1% |
| Оцена 3 | 39 | 16,6% |
| Оцена 4 | 61 | 26% |
| Оцена 5 | 104 | 44,3% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (44,3%), односно 104 испитаници дале највисока оцена (5) за достапноста на Академијата, 61 испитаници дале оцена 4 (26%), 39 дале оцена 3 (16,6%), оцена 2 дале 19 испитаници (8,1%) и оцена 1 дале 12 испитаници (5,1%).

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата со највисока оцена ја оцениле достапноста на Академијата за поддршка која не е поврзана со обуките.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 3,96.

5.4. <u>Како ја оценувате транспарентноста на Академијата за било кое прашање</u>

4. Како ја оценувате транспарентноста на Академијата за било кое прашање?
235 responses





Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 19 | 8,1% |
| Оцена 2 | 20 | 8,5% |
| Оцена 3 | 37 | 15,7% |
| Оцена 4 | 62 | 26,4% |
| Оцена 5 | 97 | 41,3% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (41,3%), односно 97 испитаници дале највисока оцена (5) за транспарентноста на Академијата, 62 испитаници дале оцена 4 (26,4%), 37 дале оцена 3 (15,7%), оцена 2 дале 20 испитаници (8,5%) и оцена 1 дале 19 испитаници (8,1%).

- ❖ Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата со највисока оцена ја оцениле транспарентноста на Академијата.
- ❖ Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 3,84.

## 5.5. Колку сте задоволни од условите на салите за обуки



**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 11 | 4,7% |
| Оцена 2 | 29 | 12,3% |
| Оцена 3 | 57 | 24,3% |
| Оцена 4 | 59 | 25,1% |
| Оцена 5 | 79 | 33,6% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (33,6%), односно 79 испитаници дале највисока оцена (5) за условите на салите, 59 испитаници дале оцена 4 (25,1%), 57 дале оцена 3 (24,3%), оцена 2 дале 29 испитаници (12,3%) и оцена 1 дале 11 испитаници (4,7%).

- ❖ Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата со највисока оцена ги оцениле условите на салите во кои Академијата ги одржува обуките.
- ❖ Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 3,71.

5.6. Колку сте задоволни од односот на вработените во стручната служба

6. Колку сте задоволни од односот на вработените во стручната служба?
235 responses





Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 9 | 3,8% |
| Оцена 2 | 5 | 2,1% |
| Оцена 3 | 19 | 8,1% |
| Оцена 4 | 46 | 19,6% |
| Оцена 5 | 156 | 66,4% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (66,4%), односно 156 испитаници дале највисока оцена (5) за односот на вработените, 46 испитаници дале оцена 4 (19,6%), 19 дале оцена 3 (8,1%), оцена 2 дале 5 испитаници (2,1%) и оцена 1 дале 9 испитаници (3,8%).

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата со највисока оцена го оцениле задоволството од односот со вработените во стручната служба во Академијата.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 4,43.

## 6. РЕЗИМЕ ЗА ТОЧКА 5

Добиените податоци за општите прашања за Академијата покажуваат дека за секое прашање одделно, од вкупниот број одговорени прашалници најголемиот процент на одговори се дадени за највисоката оцена (5).
Од прашањата, највисока средна оцена има прашањето за задоволството од односот на вработените во Академијата, а најниска средна оцена има прашањето за задоволството од условите на салите за обуки.
Средна оцена за оваа група прашања (за сите 6 прашања) на скала од 1 до 5 е 4.

## 7. ПРАШАЊА ЗА ВЕБ СТРАНИЦАТА

Поради навремената информираност и големата достапност на сите релевантни информации до голем број лица, од особено значење за Академијата е корисниците


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

да можат брзо и лесно да ја користат нејзината веб страница. Прашањата во овој дел имаа цел да ни дадат увид во задоволството на испитаниците од веб страницата, објавените информации и навременоста на нивното објавување.

## 7.1. Дали веб страницата е добро организирана




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 9 | 3,8% |
| Оцена 2 | 7 | 3% |
| Оцена 3 | 46 | 19,6% |
| Оцена 4 | 79 | 33,6% |
| Оцена 5 | 94 | 40% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (40%), односно 94 испитаници дале највисока оцена (5) за организираноста на веб страната, 79 испитаници дале оцена 4 (33,6%), 46 дале оцена 3 (19,6%), оцена 2 дале 7 испитаници (3%) и оцена 1 дале 9 испитаници (3,8%).


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë

Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup

+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата сметаат дека веб страницата е добро организирана.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 4,03.

7.2. Колку сте задоволни од информациите објавени на веб страницата

2. Колку сте задоволни од информациите објавени на веб страницата?
235 responses




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 9 | 3,8% |
| Оцена 2 | 11 | 4,7% |
| Оцена 3 | 42 | 17,9% |
| Оцена 4 | 76 | 32,3% |
| Оцена 5 | 97 | 41,3% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (41,3%), односно 97 испитаници дале највисока оцена (5) за објавените информации на веб страната, 76 испитаници дале оцена 4 (32,3%), 42 дале оцена 3 (17,9%), оцена 2 дале 11 испитаници (4,7%) и оцена 1 дале 9 испитаници (3,8%).


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата изразиле задоволство од информациите објавени на веб страницата.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 4,03.

## 7.3. Дали сметате дека Академијата навремено објавува информации




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 15 | 6,4% |
| Оцена 2 | 15 | 6,4% |
| Оцена 3 | 34 | 14,5% |
| Оцена 4 | 74 | 31,5% |
| Оцена 5 | 97 | 41,3% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (41,3%), односно 97 испитаници дале највисока оцена (5) за навременото објавување информации, 74 испитаници дале оцена 4 (31,5%), 34 дале оцена 3 (14,5%), додека оцена 2 и 1 дале по 15 испитаници (6,4%).


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата сметаат дека Академијата навремено објавува информации на својата веб страна.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 3,95.

## 8. РЕЗИМЕ ЗА ТОЧКА 7

Добиените податоци од прашањата за веб страницата на Академијата покажуваат дека за секое прашање одделно, од вкупниот број одговорени прашалници најголемиот процент на одговори се дадени за највисоката оцена (5).
Првите две прашања (организираноста и објавените информации) имаат иста средна оцена, додека третото прашање (за навременоста на објавените информации), има најниска средна оцена.
Средна оцена за оваа група прашања (за сите 3 прашања) на скала од 1 до 5 е 4.

## 9. ПРАШАЊА ЗА ОБУКИТЕ

Континуираната обука опфаќа голем сегмент од дејноста на Академијата. Заради остварување на нејзината цел за унапредување на стручноста на целните групи, од особено значење е изработка на Каталог и избор на теми кои се актуелни, разработени и презентирани од квалитетни предавачи. Прашањата во овој дел се наменети за да добиеме одговор за задоволството на корисниците од понудените обуки.


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

9.1. Колку сте задоволни од Каталогот на обуки во целина

1. Колку сте задоволни од Каталогот на обуки во целина?
235 responses




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 10 | 4,3% |
| Оцена 2 | 16 | 6,8% |
| Оцена 3 | 53 | 22,6% |
| Оцена 4 | 75 | 31,9% |
| Оцена 5 | 81 | 34,5% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (34,5%), односно 81 испитаници дале највисока оцена (5) за задоволството од Каталогот на обуки, 75 испитаници дале оцена 4 (31,9%), 53 дале оцена 3 (22,6%), оцена 2 дале 16 испитаници (6,8%) и оцена 1 дале 10 испитаници (4,3%).

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата дале највисока оцена, односно најголем процент се задоволни од Каталогот на обуки.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 3,86.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

## 9.2. Колку обуките опфатени во Каталогот се соодветно прилагодени на потребите на судиите, обвинителите и стручната служба




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 10 | 4,3% |
| Оцена 2 | 21 | 8,9% |
| Оцена 3 | 51 | 21,7% |
| Оцена 4 | 80 | 34% |
| Оцена 5 | 73 | 31,1% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (34%), односно 80 испитаници дале оцена 4 за соодветноста на обуките, 73 испитаници дале оцена 5 (31,1%), 51 дале оцена 3 (21,7%), оцена 2 дале 21 испитаници (8,9%) и оцена 1 дале 10 испитаници (4,3%).

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата дале оцена 4 за соодветноста на обуките опфатени со Каталогот.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 3,79.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

9.3. Колку обуките Ви помагаат да се справите со практичните предизвици и професионалните барања во Вашата работа

3. Колку обуките Ви помагаат да се справите со практичните предизвици и професионалните барања во Вашата работа?
235 responses




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 12 | 5,1% |
| Оцена 2 | 19 | 8,1% |
| Оцена 3 | 45 | 19,1% |
| Оцена 4 | 71 | 30,2% |
| Оцена 5 | 88 | 37,4% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (37,4%), односно 88 испитаници дале највисока оцена (5) за корисноста од обуките, 71 испитаници дале оцена 4 (30,2%), 45 дале оцена 3 (19,1%), оцена 2 дале 19 испитаници (8,1%) и оцена 1 дале 12 испитаници (5,1%).

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата дале највисока оцена, односно најголем процент сметаат дека обуките се корисни и им помагаат во справувањето со практичните предизвици.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 3,87.

9.4. Колку сте задоволни од квалитетот на обуките организирани од Академијата




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 9 | 3,8% |
| Оцена 2 | 15 | 6,4% |
| Оцена 3 | 36 | 15,3% |
| Оцена 4 | 73 | 31,1% |
| Оцена 5 | 102 | 43,4% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (43,4%), односно 102 испитаници дале највисока оцена (5) за квалитетот на обуките, 73 испитаници дале оцена 4 (31,1%), 36 дале оцена 3 (15,3%), оцена 2 дале 15 испитаници (6,4%) и оцена 1 дале 9 испитаници (3,8%).

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата дале највисока оцена, односно најголем процент се задоволни од квалитетот на обуките.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 4,04.


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

9.5. Колку сте задоволни од организацијата на обуките (логистика, распоред, пристапност, времетраење и тн)

5. Колку сте задоволни од организацијата на обуките (логистика, распоред, пристапност, времетраење и тн)?
235 responses




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 7 | 3% |
| Оцена 2 | 17 | 7,2% |
| Оцена 3 | 28 | 11,9% |
| Оцена 4 | 74 | 31,5% |
| Оцена 5 | 109 | 46,4% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (46,4%), односно 109 испитаници дале највисока оцена (5) за организацијата на обуките, 74 испитаници дале оцена 4 (31,5%), 28 дале оцена 3 (11,9%), оцена 2 дале 17 испитаници (7,2%) и оцена 1 дале 7 испитаници (3%).

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата дале највисока оцена, односно најголем процент се задоволни од организацијата на обуките.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 4,11.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

9.6. Како би го оцениле квалитетот на предавачите вклучени во обуките на Академијата

6. Како би го оцениле квалитетот на предавачите вклучени во обуките на Академијата?
235 responses




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 8 | 3,4% |
| Оцена 2 | 18 | 7,7% |
| Оцена 3 | 36 | 15,3% |
| Оцена 4 | 65 | 27,7% |
| Оцена 5 | 108 | 46% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (46%), односно 108 испитаници дале највисока оцена (5) за предавачите, 65 испитаници дале оцена 4 (27,7%), 36 дале оцена 3 (15,3%), оцена 2 дале 18 испитаници (7,7%) и оцена 1 дале 8 испитаници (3,4%).

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата дале највисока оцена, односно најголем процент се задоволни од квалитетот на предавачите.
- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 4,05.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

9.7. Како го оценувате начинот (преку e-mail комуникација) на кој Академијата известува за сите измени (нови обуки, одложувања, откажувања и тн)

7. Како го оценувате начинот (преку маил комуникација) на кој Академијата известува за сите измени (нови обуки, одложувања, откажувања и тн)?
235 responses




**Табеларен приказ**

| | | |
|---|---|---|
| Оцена 1 | 9 | 3,8% |
| Оцена 2 | 6 | 2,6% |
| Оцена 3 | 21 | 8,9% |
| Оцена 4 | 52 | 22,1% |
| Оцена 5 | 147 | 62,6% |

Податоците од графичкиот и табеларниот приказ покажуваат дека од 235 одговори најголем процент од испитаниците (62,6%), односно 147 испитаници дале највисока оцена (5) за начинот на комуникација со кој се известува за обуките, 52 испитаници дале оцена 4 (22,1%), 21 дале оцена 3 (8,9%), оцена 2 дале 6 испитаници (2,6%) и оцена 1 дале 9 испитаници (3,8%).

- Анализата на податоците покажува дека најголем број од корисниците кои одговориле на анкетата дале највисока оцена, односно најголем процент се задоволни од начинот на комуникација


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

кој Академијата го практикува за сите информации поврзани со обуките.

- Средна оцена за ова прашање на скала од 1 до 5 е 4,37.

## 10. РЕЗИМЕ ЗА ТОЧКА 9

Добиените податоци од прашањата за обуките покажуваат дека за шест (6) прашања, од вкупниот број одговорени прашалници најголемиот процент на одговори се дадени за највисоката оцена (5). Само за прашањето со кое се оценува колку понудените обуки во Каталогот се соодветно прилагодени на потребите на целните групи најголем процент од одговорите се дадени за оцена 4.
Од прашањата, највисока средна оцена има прашањето за начинот (преку e-mail комуникација) на кој Академијата известува за сите измени во врска со обуките, а најниска средна оцена има прашањето за процена колку понудените обуки во Каталогот се соодветно прилагодени на потребите на целните групи.
Средна оцена за оваа група прашања (за сите 7 прашања) на скала од 1 до 5 е 4,01.

## 11. ЗАКЛУЧОК

Анкетата за мерење на задоволството на корисниците од услугите на Академијата претставува корисна алатка во пристапот на институцијата насочен кон континуирано подобрување. Со анализата на добиените податоци добиваме увид во степенот до кој Академијата ги исполнува барањата и очекувањата на корисниците и адекватно одговара на нивните потреби.
Од вкупно контактирани околу 2245 лица, одговорија 235 лица, што претставува околу 10,47% од испитаниците.
Сумарно, за сите прашања заедно, оцена 1 дале 173 испитаници (4,60%), оцена 2 дале 246 испитаници (6,54%), оцена 3 дале 615 испитаници (16,36%), оцена 4 дале 1075 испитаници (28, 59%) и оцена 5 дале 1651 испитаници (43,91%).
Средна оцена на сите 16 прашања на скала од 1 до 5 е 4,01.
Добиените податоци покажуваат дека од добиените одговори најголемиот дел од испитаниците се задоволни генерално од Академијата (комуникација, достапност, поддршка, транспарентност, вработени), веб страницата и понудените обуки.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Добиените предлози и идеи на отворените прашања ќе бидат предмет на дополнителна анализа.

Анекс:

- Одговори на отворените прашања
- Excel документ со обработени податоци

Изработил
Наташа Баштованска
Советник за податочно складирање, статистики, анализи и евалуации
Сектор за информатички технологии


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk